**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Бр. 22-264/4**
**22.03.2023 год.**
**РАНКОВЦЕ**

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-264/1 од 05.03.2023 година за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, К.О. Радибуш, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, К.О. Радибуш, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, К.О. Радибуш, Општина Ранковце со тех.број 23/02 од март 2023 година, изработена од ДУПИ „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ Куманово врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0016.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-264/1 од 05.03.2023 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, К.О. Радибуш, Општина Ранковце со тех. број 23/02 од март 2023 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-51/1 од 14.02.2017 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно заверено на нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 5407/2022 од 07.10.2022 година.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, К.О. Радибуш, Општина Ранковце;
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-081-3/22 од 09.05.2022 година, изработен од ТДГР „Ленд Кад Инж." ДОО Скопје.

4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-33/2022 од 09.05.2022 година.
5. Услови за планирање на просторот со тех.број Y52922 од декември 2022 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 2464/2022 од 07.02.2023 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2023.03.22 12:56:30 +01'00'

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2023.03.22 12:57:26 +01'00'